Објавен во Службен весник број: 187/2013
Датум на објавување: 30.12.2013

# Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи

**Член 1**

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македнија” број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13 и 170/13), во членот 77 точка 3 по зборот “родителство” сврзникот “и” се заменува со запирка, а пред точката и запирката се додаваат зборовите: ”и неплатеното родителско отсуство“.

**Член 2**

По членот 170 се додава нов наслов и нов член 170-а, кои гласат:

“Неплатено родителско отсуство

Член 170-а

(1) По завршување на отсуството од работа поради бременост, раѓање и родителство, работничката има право на неплатено родителско отсуство до три месеци во периодот до навршување на тригодишна возраст на детето, во најмногу три дела, заради грижа за детето.

(2) Доколку за време на користење на правото од ставот (1) на овој член работничката забремени, не го губи правото на надоместок на плата по основ на бременост, раѓање и родителство.“

**Член 3**

Во членот 213-г став (3) зборовите: “Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

**Член 4**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за работните односи.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.